Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година**

**Скопје, ноември 2021 година**

.

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година**

Седницата започна во 12:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и м-р Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Арјанит Хоџа, министер за земјодлество, шумарство и водостопанство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година

1. Записник од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 22 ноември 2021 година

2. Предлог-уредба за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови

3. Предлог – одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за цивилно воздухопловство (деловен простор со Имотен лист бр.90195 за КО Охрид 4, на КП бр.4275)

4. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 6 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка

5. Предлог-одлуки за продажба на движни ствари (мебел, опрема и моторни возила)

6. Информација во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука

7. Информација за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција ДП 02-444/20, со Предлог-одлука

8. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука

9. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (фенкојлери)

10. Предлог-одлука за продажба на движни ствари и Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Апелационен суд Скопје)

11. Информација за тековно работење во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје и барање за финансиска помош

12. Барање согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост за 2021 година, со Предлог-одлука

13. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

15. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог одлука

16. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

17. Предлогот на закон за инспекциски надзор во животната средина (*)

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

19. Предлог-уредба за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република  Северна Македонија

20. Информација за спроведена постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, со Предлог-одлука

21. Информација за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог – одлуки

22. Информација за пошумување на опожарените шумски површини настанати во текот на летото 2021 година

23. Информација во врска со реализација на проектот за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот Регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП

24. Информација за предлог промена во режимот на транзитирање низ резерватот Јасен

25. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат- регионален пат Р2251, делница: Пробиштип (врска со Р1205)-Лесново и изменета траса на регионален пат Р1309 делница: Зрновци (спој со Р2234)-Кочани (врска со А3)-Пониква-

Злетово-Древено (спој со Р2251), по барање и предлог на Општина Пробиштип), со Предлог-одлука

26. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2021 година

27. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година

28. Информација во врска со одржувањето на Деветнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 30 ноември 2021 година во Белград, Република Србија

29. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Житинени“ Општина Центар Жупа, со Предлог – одлука

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија

31. Информација за јавна набавка за доделување на нефинансиски договор за електронска наплата на надоместоци и административни такси со платежни картички, за потребите на Националниот портал за електронски услуги

32. Информација за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 21“ (Сајбер коалиција 21), во Естонија, со Предлог-одлука

33. Барање на Јасин Муфтулер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

34. Барање на Суди Озкан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

35. Барање на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

36. Информација со Предлог-одлука за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година

37. Предлог-програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2021 година

38. Предлог-решение за назначување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

39. Информација за текот и прогресот на спроведувањето на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ)

40. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, КП бр.2320, викано место/улица ул. Лука Геров

41. Известување И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1134 и Имотен лист бр.1026 за КО Чучер Сандево – вонград

42. Известување И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1190, КП бр.50 за КО Никиштане

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

45. Информација за примена на Законот за медијација

46. Информација за надзор над функционалноста на АКМИС во судовите

47. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за третото тримесечје за 2021 година

48. Извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година и Извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

49. Информација за исплата на пензии за месец ноември 2021 година

50. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

51. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 р.Пена, бр.104 Габровска Река и бр. 408 Коселска Река

52. Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на меѓународен договор за спроведување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС), со Нацрт-текст на Спогодба

53. Извештај за завршени преговори и за склучување на Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Северна Македонија во „Креативна Европа“ (2021 – 2027)

54. Информација со предлог за поништување на Решение донесено од министерот за транспорт и врски за одобрување на Урбанистички проект за изградба на аеродром Штип – Општина Свети Николе бр. 16-11406/10 од 29.10.2008 година

55. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Соларен парк Стипион)

56. Информација за промена на грејс-периодот, рокот на отплата и други услови кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), со текст на Анекс-договор

57. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка

58. Информација за обесштетување на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница Тетово

59. Информација во врска со задолженија предвидени во точка 5 и точка 6 од Заклучокот на Влада на Република Северна Македонија, по точка 37 од Извадокот од Нацрт-записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2021 година со бр.40-11328/1, заведена со арх.бр.03-5394/2 од 22.11.2021 година

60. Информација со можни решенија за начинот на кој јавните/државните институции ќе можат да преминат на директна набавка на електрична енергија од ЕСМ Продажба ДООЕЛ и можни решенија за спроведување на брзи постапки за јавни набавки во време на енергетска криза

*

*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, врз основа на Барањето на Министерството за информатичко општество и администрација да се измени и тоа:

-Рокот за доставување на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за висока раководна служба, да се помести за најдоцна до 31 декември 2021 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата заклучи Записникот од Педесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 22 ноември 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести одржан на 17 ноември 2021 година да се разгледаат на наредната седница на Владата.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за цивилно воздухопловство (деловен простор со Имотен лист бр.90195 за КО Охрид 4, на КП бр.4275), за наредната седница на Владата, со заклучок Агенцијата за цивилно воздухопловство да го усогласи материјалот со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство во однос на статусот на недвижниот имот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 4 став 3 од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија или врз основа на член 23 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Пласница, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Тетово, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чашка, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Валандово, во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на предлог-одлуките за продажба на движни ствари (мебел, опрема и моторни возила) за наредната седница на Владата, откако претходно истите ќе бидат разгледани на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција ДП 02-444/20, со Предлог-одлука.

**Точка 8**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (фенкојлери), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за тековно работење во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје и барање за финансиска помош, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата да се разгледа можноста за обезбедување средства за финансиска помош на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје при разгледување на Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите.

**Точка 12**

Владата го разгледа Барањето согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост за 2021 година, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“-Скопје во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2021 година, со нов текст на Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за инспекциски надзор во животната средина (*) за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Живко Брајковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Мусалевски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 19**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведена постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“ ,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“,
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“ и
-Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Даљан“, во предложените текстови.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пошумување на опожарените шумски површини настанати во текот на летото 2021 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопнство потребните средства за оваа намена да ги обезбеди со пренамена на постојните средства и во согласност со можностите во рамки од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2022 година.

**Точка 23**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со реализација на проектот за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот Регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП, со оглед дека истата е надмината со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за управување со водите за 2021 година, донесена на Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2021 година ( точка 147).

**Точка 24**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за предлог промена во режимот на транзитирање низ резерватот Јасен за наредната седница на Владата.

Истовремено, Владата заклучи Информацијата за предлог промена во режимот на транзитирање низ резерватот Јасен да се разгледа во присуство на директорот на

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ Скопје.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат- регионален пат Р2251, делница: Пробиштип (врска со Р1205)-Лесново и изменета траса на регионален пат Р1309 делница: Зрновци (спој со Р2234)-Кочани (врска со А3)-Поникава-Злетово-Древено (спој со Р2251), по барање и предлог на Општина Пробиштип), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица-Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси – Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акцискиот план по дадениот Образец со статус заклучно со 31.12.2021 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 14.1.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 21.1.2022 година врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр.1 да подготви соодветен материјал што ќе се разгледа на тематската седница на Владата која би се одржала до 25.1.2022 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година и ја донесе Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година, со заклучок предлагачот да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела, по која Секретаријатот за законодавство треба да даде мислење.

.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со одржувањето на Деветнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 30 ноември 2021 година во Белград, Република Србија и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да назначи свој претставник на високо ниво, кој ќе треба да учествува во работата на Деветнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница.

2. Се задолжува претставникот на Министерството за економија на Република Северна Македонија да ги поддржи следните точки од дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница, кои се за усвојување и тоа:

1) Агенда, отворање на состанокот и точките од Додаток „А" – за усвојување,
2) Измени на Договорот за основање на енергетска заедница – за дискусија,
3) Нови акија 2021 – за усвојување
- Пакет за чиста енергија I
- Пакет за чиста енергија II
- Директива за ОИЕ 2018/2001
- Директива за енергетска ефикасност 2018/2002, Регулатива за управување 2019/941
- Регулатива за сигурност во снабдување со гас
- Процедурален акт 2021/5/МС-ЕЗ за измена на Процедуралниот акт од Министерскиот совет 2008/02/МС од 11 декември 2008 година за основање на група за сигурност во снабдувањето,

4) Имплементирање на Договорот
- Годишен извештај на Секретаријатот за имплементација вклучително со спорови – за индормација и дискусија
- Одлука 2020/6/МС за развивање на сериозна и трајна рамка против Србија под член 92 од Договорот – за усвојување,
- Одлука 2020/5/ MC-EnC за утврдување на сериозно и постојано прекршување на Украина според член 92 (1) од Договорот во случајот ECS-1 / 18S (EnCS) – за усвојување,

5) Рамка за енергија и клима – за усвојување
- Водич за генерални политики за усвојување на патоказот за декарбонизација на земјите членки на ЕЗ-за усвојување,

6) Се задолжува претставникот од Министерство за економија да гласа за кандидатот на Полска по однос на Одлуката /2021/4/ MC-EnC на Министерскиот совет за назначување на директорот на Секретаријатот на Енергетската зедница.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Житинени" Општина Центар Жупа, со нов текст на Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени" Општина Центар Жупа, во предложениот текст.

.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за јавна набавка за доделување на нефинансиски договор за електронска наплата на надоместоци и административни такси со платежни картички, за потребите на Националниот портал за електронски услуги, ја усвои Информацијата и даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на услуги во период од три години за набавката за Доделување на нефинансиски договор за електронска наплата на надоместоци и административни такси со платежни картички, за потребите на Националниот портал за електронски услуги.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 21“ (Сајбер коалиција 21) во Естонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 21“ (Сајбер коалиција 21), во Естонија, (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа Барањето на Јасин Муфтулер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 34**

Владата го разгледа Барањето на Суди Озкан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 35**

Владата го разгледа Барањето на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го донесе најновиот текст на Решението за назначување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата повторно ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на спроведувањето на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за текот и прогресот на спроведувањето на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ), со тоа што истата да се дополни и со податок дека во владина постапка е Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита и истиот ќе биде доставен до Собранието, со кој се обезбедува имплементација на новиот модел за проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец (МКФ), како и со сите активности кои се преземаат и треба да се преземат по влегувањето во сила на овој закон.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да ги преземат сите потребни активности околу обезбедување на простор за ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Скопје за реализација на предвидените активности во Информацијата (давање на времено користење на простории од Министерството за труд и социјална политика без надомест, за период од пет години, а со обврска за плаќање на режиски трошоци за истите) и согласно тоа до Владата да достават соодветна одлука.

3. Се задолжува Министерството за здравство, а се укажува на ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Скопје, по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита да ги преземат сите неопходни активности во нивна

надлежност за конституирање на нови четири регионални стручни тела за функционална проценка во следниве градови: Штип, Велес, Куманово и Охрид и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 31.4.2022 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, КП бр.2320, викано место/улица ул. Лука Геров и по Понудата ги усвои негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата го разгледа Известувањето И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1134 и Имотен лист бр.1026 за КО Чучер Сандево – вонград и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 42**

Владата го разгледа Известувањето И.бр.1535/2021 од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност запишан во Имотен лист бр.1190, КП бр.50 за КО Никиштане и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 43**

1. Владата ја именува Анета Симеска –Димоска, досегашен вршител на должноста директор на Државен пазарен инспекторат, за вршител на должноста директор на Државен пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја именува Јованка Тренчевска, досегашен вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Фатмир Арифи, досегашен вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, од должноста член на Советот-претставник на основачот да ја разреши Марија Китаноска-Цветковска а за член на Советот да ја именува Кристина Сотировска на предлог на Министерството за финансии.

5. Владата го именува Муарем Асани, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Царинската управа, за вршител на должноста заменик на директорот на

Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот пазарен инспекторат.

7. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за труд.

8. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Царинската управа.

**Точка 44**

1.Владата со едноминутно молчење оддаде почит на лицата кои ги загубија животите во сообраќајната несреќа што се случи на 23 ноември 2021 година на Автопатот „Струма“ од Софија кон Благоевград, Република Бугарија.

Притоа министрите информираа за досега утврдената состојба од сообраќајната несреќа со трагични последици и заклучи:

1) Донесе Одлука за определување на денови на жалост, со која деновите 23, 24 и 25 ноември 2021 година (вторник, среда и четврток), се определуваат за денови на жалост во Република Северна Македонија.

Согласно ова, се препорачува да се одложат сите прослави, забави, културно-уметнички и спортски настани, како и политички промоции предвидени за овие три дена.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во Деновите на жалост, да преземе активности знамињата на Република Северна Македонија да се истакнат на половина копје.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 13 ноември 2021 година до 19 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 11 ноември 2021 година до 17 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 9 ноември 2021 година до 15 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата по Барањето за изменување на Заклучок број 2 од Точка 44: Извештај за завршени преговори и за склучување на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата-Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации, со усогласен текст на Меѓународен договор, од 117-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2021 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се определува Мила Царовска, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меѓународниот договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата-Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации.

6. Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до три хектари во јавен повик бр.02/21 и условно го донесе Решението, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

7. Владата ја разгледа Предлог-одлуката за формирање на Работна група за координација на активностите за изработка на Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на специјални економски зони за трговија и стоки (trade and commodities special economic zone-TACSEZ) во Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го дополни текстот на Одлуката со претставници (член и заменик-член) од Секретаријатот за европски прашања.

8. По повод сообраќајната несреќа што се случи на 23 ноември 2021 година на Автопатот „Струма“ од Софија кон Благоевград, Република Бугарија и човечките жртви предизвикани од истата, Владата заклучи:

1) Се задолжува Државниот инспекторат за транспорт веднаш да изврши вонреден инспекциски надзор во компанијата која го организирала и вршела превозот на патниците и за наодите веднаш да го информира Министерството за транспорт и врски.

2) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, доколку со вонредниот инспекциски надзор се констатираат пропусти, веднаш да ги преземе сите соодветни мерки согласно законските регулативи (привремено запирање на вршење на дејноста и сл.).

3) Се задолжува Министерството за економија да ги провери сите податоци поврзани со компанијата која го организирала и вршела превозот на патниците, управителот и сопственикот на истата и во рок од еден ден до Владата да достави детална информација (со вкрстување на податоците) за сите добиени лиценци и дозволи на истата и други компании поврзани со неа или нејзиниот сопственик или управител.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за надзор над функционалноста на АКМИС во судовите, како материјал за информирање.

## Точка 47

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за третото тримесечје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е Извештајот да се доставува за разгледување до надлежните институции навремено, односно веднаш по завршување на периодот за кој се однесува.

## Точка 48

Владата ги разгледа Извештајот за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година и Извештајот за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост да ги преземе сите неопходни мерки за намалување на непродуктивните трошоци, да ја консолидират расходната и приходната страна на извештаите и во иднина тримесечните извештаи да ги доставуваат за разгледување до надлежните институции навремено, односно веднаш по завршување на периодот за кој се однесуваат.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за ноември 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25 ноември 2021 година.

2.Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со ноемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26 ноември 2021 година.

3.Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:-За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 26 ноември 2021 година (петок);-За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 29 ноември 2021 година (понеделник);-За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 30 ноември 2021 година (вторник) и-За пензии со висина над 18.001 денар, исплата да се изврши на 1 декември 2021 година (среда).

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 р.Пена, бр.104 Габровска Река и бр. 408 Коселска Река и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ дека за локацијата бр.407 р.Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 1.6.2022 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.477 р.Пена ќе се продолжи најмалку до 1.7.2022 година.

3. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 2.5.2022 година.

4. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на

гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 2.6.2022 година.

6. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.408 Коселска Река на концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево до 16.6.2022 година.

7. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 6 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.408 Коселска Река.

8. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.408 Коселска Река ќе се продолжи најмалку до 16.7.2022 година.

**Точка 52**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на меѓународен договор за спроведување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС), со Нацрт-текст на Спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор-безбедност и сигурност (ОЕОС), како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуват кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС).

3. Се овластува шефот на делегацијата, Славица Кутиров, директор на Царинската управа, заедно со преговрачкиот тим кој ќе биде составен од претставници на Министерството за финансии и Царинската управа, да ги води преговорите за склучување на оваа меѓународна спогодба и да го парафира текстот на Спогодбата, согласно утврдените насоки во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодбата, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори и за склучување на Меѓународен договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Северна Македонија во „Креативна Европа“ (2021 – 2027) и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Се определува амбасадорката Агнеза Руси – Поповска на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Северна Македонија во Креативна Европа (2021 – 2027).

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за култура и Агенцијата за филм да го усогласи Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Директивата 2018/1808/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година за изменување и дополнување на Директивата 2010/13/ЕУ за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административен акт во земјите-членки во врска со обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги) со оглед на промената на состојбите на пазарот и Директивата на (ЕУ) 2019/789 на Европскиот парламент и на Советот од 17 април 2019 година со која се утврдуваат правилата за остварување на авторското право и сродните права применливи на одредени онлајн преноси на радиодифузните организации и реемитувања на телевизиски и радио програми, и изменување и дополнување на Директивата на Советот 93/83/ЕЕС, најдоцна до октомври 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за култура во соработка со Агенцијата за филм да го усогласи Законот за авторското право и сродните права со Директивата (ЕУ) 2019/790 за авторското право на единствениот дигитален пазар до октомври 2022 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за поништување на Решение донесено од министерот за транспорт и врски за одобрување на Урбанистички проект за изградба на аеродром Штип – Општина Свети Николе бр. 16-11406/10 од 29.10.2008 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да го поништи Решението донесено од министерот за транспорт и врски за одобрување на Урбанистички проект за изградба на аеродром Штип – Општина Свети Николе бр. 16-11406/10 од 29.10.2008 година.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Соларен парк Стипион), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на грејс-периодот, рокот на отплата и други услови кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), со текст на Анекс-договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје да склучат Анекс кон Договор за администрирање на фонд за микро и мали

претпријатија помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, под број 15-8547/1 од 17.11.2020 година согласно предлозите во оваа информација, а кој ќе опфати продолжување на грејс период и рок на отплата на кредитите за 12 месеци, продолжување на рокот за доцнење како услов за користење на грант компонентата, допрецизирање на потребната документација за одобрување на грант компонента под категорија 4 и доуредување на процесот на наплата на кредитите во доцнење.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да го потпише Анексот кон Договор за администрирање на фонд за микро и мали претпријатија помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, под број 15-8547/1 од 17.11.2020 година согласно предлозите во оваа информација.

3. Се препорачува на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје во рок од 10 работни дена, на својата веб-страница да објави јавен повик за утврдување на дополнителен грејс-период и соодветно продолжување на крајниот рок на отплата на кредитите од страна на кредитокорисниците.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за здравство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереници Иванка Стојаноски, државен секретар во Министерството за здравство и Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за обесштетување на семејствата на загинатите во пожарот во модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница Тетово и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија и да изврши исплата на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице на семејствата на загинатите лица во пожарот кој избувна во модуларната болница во која беше сместен Ковид центарот при ЈЗУ Клиничка болница-Тетово, по семејство (брачен другар, деца или родители доколку загинатото лице нема деца ниту брачен другар или пак, доколку со родителите живеел во заедничко домаќинство) во висина од 30.000 евра во денарска противвредност на денот кога ќе биде извршена исплата на овој надоместок, односно во вкупен износ од 420.000 евра во денарска противвредност за семејствата на 14-те загинати лица.

За таа цел Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветен акт кој се смета за донесен на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Министерството за здравство да стапи во контакт со семејствата на загинатите лица во пожарот кој избувна во модуларната болница во која беше сместен Ковид центарот при ЈЗУ Клиничка болница- Тетово за да ги обезбеди податоците (лични податоци, број на трансакциска сметка и слично), потребни за исплата на еднократниот паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице.

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со задолженија предвидени во точка 5 и точка 6 од Заклучокот на Влада на Република Северна Македонија, по точка 37 од Извадокот од Нацрт-записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2021 година со бр.40-11328/1, заведена со арх.бр.03-5394/2 од 22.11.2021 година за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата да се оствари координација на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со надлежните министри и Информацијата да се разгледа на седница на Економскиот совет и Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со можни решенија за начинот на кој јавните/државните институции ќе можат да преминат на директна набавка на електрична енергија од ЕСМ Продажба ДООЕЛ и можни решенија за спроведување на брзи постапки за јавни набавки во време на енергетска криза за наредната седница на Владата, поради потребата истата претходно да биде разгледана на Економски совет.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14.55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |